Samir Salievski, PhD[1]

UDC:
351.746:343.132

# ROLI I POLICISË GJYQËSORE NË PROCEDURËN PARAHETIMORE DHE HETIMORE

# УЛОГАТА НА ПРАВОСУДНАТА ПОЛИЦИЈА ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА И ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА

# THE ROLE OF THE JUDICIAL POLICE IN THE PRE-TRIAL AND INVESTIGATION PROCEDURE

**Abstract**

According to the provisions of the new Law on Criminal Procedure, a new body is introduced in the criminal procedure, and that is the judicial police. Otherwise, it is the criminal police that is in close cooperation with the public prosecutor and, if necessary, directly working in the team of the public prosecutor within the investigative centers of the public prosecutor's office. The pre-trial procedure begins by undertaking actions by the police officers on the basis of the information received about the committed criminal act or on the basis of the request of the public prosecutor, whereby for all measures and actions in this phase they are obliged to inform the public prosecutor about this. The pre-trial procedure is by law envisaged the right and duty of certain entities to undertake measures within the framework of their authorizations, whose final results should enable the appearance of a reasonable suspicion that a certain person committed a criminal act. The police within its competences are obliged to detect the existence of a crime and to find its perpetrator to the extent of a reasonable suspicion

[1]Доцент, Факултет за Детективи и безбедност, Прв приватен ФОН Универзитет-Скопје, samir.salievski@fon.edu.mk

that will result in the initiation of an official criminal procedure against the person. At this stage, the work of the police is specific and very important, since the police are no longer an entity that is part of the court procedure. The investigation procedure shall be initiated against a specifically designated person for whom there is a reasonable suspicion that he / she has committed a criminal offense prosecuted ex officio or upon proposal.

## 1. Улогата на правосудната полиција во предистражната и истражната постапка

Во хрватската казнено процесна торија и пракса основна задача на полицијата во оваа фаза е преземање на мерки и активности за откривање на кривичното дело и пронаоѓање на сторителот. Доколку сторителот е познат, полицијата својата активност ја насочува кон преземање на дејствија сторителот да се открие или да се спречи да избега како и да пронајдат што е можно повеќе траги и докази со кои ќе се потврди неговата вина. Полицијата е должна да го разјасни кривичното дело, да го открие сторителот и да пронајде и обезбеди траги и докази[2]. Потоа полицијата до јавниот обвинител заедно со целокупната дотогаш собрана документација поднесува кривична пријава против познат или непознат сторител. Од кривичната пријава и квалитетот на документацијата не зависи само одлуката на јавниот обвинител дали ќе покрене понатамошна постапка туку го насочува и целокупниот правец и тек на постапката. Дејствијата кои полицијата ги презема во казнената постапка можат да се поделат на неформални и формални дејствија[3]. Неформалните полициски дејствија кои се преземаат во склоп на полициските овластувања не се детално правно регулирани што и овозможува на полицијата врз основа на правилата на струката и потребите на конкретниот случај да пронајде факти и околности релевантни за случајот [4] . Резултатите од ваков

[2] Dragan Novosel, mr. sc.Darko Dundovic; Surandnja drzavnog odvetnika I policije u predistraznom postupku; Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol.13-broj 2/2006

[3] Damir ČAČKOVIĆ; ULOGA SLUŽBENIKA POLICIJE U HRVATSKOM KRIVIČNOM POSTUPKU; Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije; Godište X, Broj 1-2, 2010

[4] Tomašević Goran, Krapac Davor, Gluščić Stjepan, Kazneno procesno pravo, Narodne novine, Zagreb, 2005

неформален вид на дејствија на полицијата не можат во текот на казнената постапка да се користат како доказ и врз нив не може да се донесе судска одлука, меѓутоа сепак се значајни како за донесување на одлука за понатамошни дејствија така и за одредува на правецот и текот на тие дејствија. Формалните полициски активности пак кои опфаќаат истражни дејствија со кои во одредени сегменти се ограничуваат дури и уставно загарантираните човекови права се прецизно правно регулирани и можат да се преземаат врз основа на исклучиво предвидена законска одредба за конкретниот случај[5]. За разлика од неформалните, резултатите добиени од формалните полициски активности и дејствија можат во текот на постапката да земат како доказ и врз нив да се донесе правно релевантна пресуда. Сепак во одредени ситуации каде итноста на дејствијата во конкретниот случај се од битно значење можат неформалните дејствија да ги претворат во формални а со тоа и собраниот материјал од дејствијата да има доказна вредност. Во најголем број на случаи во пракса станува збор за увид на лице место каде полицијата заради итноста и опасноста од губење на трагите може да отпочне со преземање на активности за вршење на увид и без претходно обезбедени формални претпоставки. И во самата хрватска теорија и во законодавството како два основни услови за вршење на увид на лице место се наведени: постоење на основани сомневања дека е извршени кривично дело кое се гони по службена должност и по налог на овластен јавен обвинител[6].

Во текот на истрагата правосудната полиција е ставена на целосно располагање на јавниот обвинител. Со измените на законот, судот и неговите органи се во најголем дел изземени од истрагата така во најголем дел товарот на собирање и обезбедување на доказниот материјал паѓа на грбот на обвинителот. Тесната соработка на полицијата и обвинителот уште од самиот почеток на постапката го избегнува евентуалниот конфилкт кој би настанал во врска со доказите посебно ако обвинителот оцени дека доказниот материјал кој го обезбедил преку правосудната полиција нема да биде доволен за успешно завршување на целата постапка.

---

[5] Tomašević Goran, Krapac Davor, Gluščić Stjepan, Kazneno procesno pravo, Narodne novine, Zagreb, 2005

[6] Damir ČAČKOVIĆ; ULOGA SLUŽBENIKA POLICIJE U HRVATSKOM KRIVIČNOM POSTUPKU; Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije; Godište X, Broj 1-2, 2010

Во составот на правосудната полиција освен оние службеници-криминалистики кои беа дел од криминалистичката полиција влегуваат и службеници и овластени лица од Финансиската полиција и Царинската управа во состав на Министерството за финансиии, како и припадници на воената полиција. Тие во согласност со законскиот делокруг и своите законски надлежности преземаат мерки и активности за откривање на кривични дела, обезбедување на докази, фаќање и лоцирање на сторителите како и други дејствија потребни за непречено одвивање на постапката. Освен овие лица во состав на правосудната полиција кои имаат надлежности за преземање на дејствија се и службениците распределени во истражните центри на јавното обвинителство и службеници кои се ставени на располагање на јавниот обвинител.[7]

Во текот на истрагата јавниот обвинител има право да поднесе барање до Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа, Министертвото за одбрана и други државни органи, во кое ќе бара од овие органи да му стават на располагање сите потребни човечки и материјални ресурси. Сите службеници кои ќе се стават во функција на јавниот обвинител за својата работа му одговараат директно нему. Сите старешини на правосудната полиција ги вршат должностите кои се во непосредна врска со надлежниот јавен обвинител. Тие не можат да бидат ангажирани на нови задачи и активности и не смеат да се оддалечат од задачата за која се ангажирани. Работат исклучиво врз основа на налог издаден од страна на надлежниот јавен обвинител. Доколку припадниците на правосудната полиција не постапуваат согласно своите наредби пропишана е дисциплинска одговорност, т.е. јавниот обвинител има законско право да покрене постапка за дисциплинска одговорност до нивните надлежни а органот кој е надлежен мора веднаш да го извести јавниот обвинител за исходот од постапката. Доколку не е задоволен од исходот на постапката јавниот обвинител за тоа писмено ќе ја извести Владата на Република Македонија. [8]

Во хрватската теорија и пракса редовните полициски активности насочени кон прибирање на секојдневни информации,

[7]Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012 стр.16
[8] http://polis.osce.org/

откривањето и обезбедувањето на траги настанати од кривичното дело како и пронаоѓање, одземање и обезбедување на предмети, а преземени во процедурална форма во согласност со законските овластувања а без дозвола од јавниот обвинител можат во понатамошната постапка да послужат како индиции а дури и да имаат доказна вредност доколку судот во текот на главната расправа ги прифати како законски.[9] Тие го прифаќаат теоретското гледиште дека увидот мора да биде преземен од некој државен орган без разлика дали е тоа полицијата, судот или обвинителството, додека праксата покажала дека полицијата е органот кој скоро секогаш го врши увидот на лице место. Од ова може да се заклучи дека сето она што е пронајдено и фиксирано на лице место како траг или предмет е законски обезбедено и има понатамошна доказна вредност.

По информирање на јавниот обвинител за потешки кривични дела правосудната полиција по налог на јавниот обвинител ги презема полициските извиди и за резултатите од нив го известува јавниот обвинител кој дава општи а понекогаш и конкретни насоки на дејствување. Јавниот обвинител може самостојно (заедно со своите деректно подредени службеници) да ги презема овие дејствија согласно начелото на конспиративност и чување на службена тајна во процеси и истраги против припадници на полицијата, царината и др.

## 2. Овластување и одговорности на правосудната полиција

По службена должност или по наредба на јавниот обвинител правосудната полиција е должна: [10]

- да презема мерки и активности со цел за откривање и криминалистичко истражување на кривични дела;
- спречување на натамошни последици на кривичните дела;
- фаќање и пријавување на нивните сторители;

[9] Ž. Karas: Dokazni položaj općih izvidnih radnji redarstvenih vlasti, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 13, broj 1/2006

[10] Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012 стр.16

- обезбедување на докази и други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка;

- правосудната полиција спроведува истражување и дејствија наложени или доверени од судот и јавното обвинителство.

Во случаите кога полицијата ќе прими кривична пријава за дело кое се гони по службена должност или пак предлог за гонење има обврска истото да го достави без одлагање до надлежниот јавен обвинител. За сите преземени дејствија во оваа фаза на постапката полицијата е должна да го извести обвинителот. Итноста и интензитетот на преземање на дејствијата како и начинот на известување зависи од тежината на кривичното дело. Доколку постои основано сомневање тогаш веќе започнатите дејствија полицијата е должна да ги спроведе до крај. Ако постои можност за веќе започнатите дејствија обвинителот се информира во писмена форма, а ако во моментот не е тоа можно, јавниот обвинител се известува усно а подоцна и се составува записник за сите преземени мерки и активности. Доколку полицијата лиши од слобода лице или го задржи на подолго време должно е за тоа по итна постапка да го извести јавниот обвинител. Во секој случај заедно со писменото известување полиција е должна да достави до јавниот обвинител и записник за сите преземени дејствија. Доколку постои потреба од издавање на налог за претрес кој се бара од судијата на претходната постапка, полицијата мора за тоа да го извести јавниот обвинител и да ги наведе причините поради кои оваа мерка е неопходна заради пронаоѓање на сторителот на делото или пронаоѓање на предмети или друг доказен матерјал кој би бил од посебна важност во постапката.

Иако според досега кажаното може да се утврди дека полицијата и другите државни органи во начело работат под раководство на јавниот обвинител сепак и понатаму тие уживаат одреден степен на автономија и преземаат дејствија по сопствена иницијатива. Не значи дека со предавање на предметот во рацете на јавниот обвинител полицијата целосно ќе се повлече од случајот. Во ниту една одредба од законот не стои дека полицијата ќе биде пасивизирана во криминалистичките истраги и не треба законот така да се толкува. Полицијата иако почесто за своите активности ќе го информира јавниот обвинител, сепак таа и понатака ќе си ја задржи целосната автономија посебно кај полесните кривични дела. Кај потешките кривични дела, после добиените насоки и

упатства од страна на јавниот обвинител полицијата активно ќе му помага во расчистување на иститe.

Според ова, доколку јавниот обвинител даде наредби и насоки на дејствување полицијата мора да ги почитува меѓутоа доколку по информирањето на јавниот обвинител не добие никакви напаствија, полицијата може да си продолжи со своите стандардни процедури и преземање на мерки и дејствија согласно своите законски овластувања за пронаоѓање и обезбедување на доказен матерјал заради олеснување на работата на јавниот обвинител. Во случаите кога полицијата смета дека случајот е расчистен до степен на основано сомневање тогаш до обвинителот ќе достави кривична пријава.

### 3. Полициски увиди

Поимот полициски увиди се воведе со цел да се направи разлика помеѓу дејствијата кои ги води полицијата во предистражната постапка и во истражната постапка. Бидејќи најчесто кривичното дело и неговиот сторител во оваа фаза од постапката не се до крај разјаснети, активностите кои ги презедед полицијата се насочени кон откривање на кривичното дело, собирање на податоци за делото и жртвата како и преземање на мерки и активности со цел стручно водење на понатамошниот дел од кривичната постапка.

Полициските увиди можат да бидат општи и посебни. Општи увиди се поведуваат кога постои основано сомнение дека е извршено кривично дело кое се гони по службена должност заради собирање на податоци врз чија основа јавниот обвинител ќе донесе одлука за понатамошните дејствија. Посебни увиди се се спроведуваат со посебни ограничувања на уставно загарантираните човекови слободи и права (т.е. посебни истражни мерки) кои се преземаат кај одреден вид кривични дела.

Под полициски увиди разбираме активности на полицијата кои таа ги презема по службена должност или по налог на јавниот обвинител заради: [11]

- пронаоѓање на сторителот на казненото дело;

[11] Република Македонија. Академија за судии и јавни обвинители; Модул:1, Предистражна постапка-Прирачник за обучувачи; Скопје 2012 стр.4

- спречување на бегство или сокривање на сторителот или неговите соучесници;

- откривање, обезбедување и фиксирање на траги од казненото дело и предмети кои можат да поткрепат определени факти и околности;

- собирање на секаков вид на известувања кои би можеле да бидат од корист за поуспешно водење на постапката.

Услов за преземање на полициските увиди се основите на сомневање за сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Во оваа фаза најупотребувани се мерките и правилата од областа на криминалистиката кои се преземаат од страна на овластените државни органи (полицијата, Финансиската полиција, Управата за безбедност и контраразузнавање, Царинската управа и др.).

Активностите на полициските службеници и јавниот обвинител се насочени кон оценка на фактите и доказите со цел основите на сомнение како првични сознанија да преминат во основано сомневање како повисок степен на сигурност за откривање на сторителот на кривичното дело.

Полициските увиди во предистражната постапка се водат со цел на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал за да може да оцени дали има основи на сомнение како првични сознанија и дали истите во текот на истрагата можат да преминат во повисок степен на сомнение кои упатуваат на заклучокот дека сторителот го извршил делото за да може тој да поднесе барање до судот за поведување на истрага.

После добиената кривична пријава за дела кои се гонат по службена должност, полицијата е должна да ги презeме сите потребни мерки и дејстија за пронаоѓање на сторителот на казненото дело, да спречат евентуално бегство на него или неговите соучесници, да ги откријат, и обезбедат трагите кои настанале за време на извршување на делото како и да ги соберат сите потребни известувања и податоци од сведоци или други граѓани со цел поуспешно водење на целата постапка.

Во рамките на своите овластувања полицијата може: [12]

- да бара известувања од граѓани;

---

[12] Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012 стр. 54.

- да сопре, легитимира или изврши преглед на лица, или претрес на возила ако постојат основани сомневања дека кај нив ќе се пронајдат траги на казненото дело или предмети кои се во директна врска со делото;

- да пренасочи или ограничи движења на лица и превозни средства на определен простор во определено време но не подолго од шест часа;

- да преземе потребни мерки заради утврдување на идентитет на лица и идентификација на предмети;

- да спроведе потрага односно распише потерница по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага;

- во присуство на службено или одговорно лице да изврши претрес на определени објекти или простории како на државни органи така и на приватни правни лица и да изврши увид во нивната деловна документација;

- да презема други потребни мерки и дејствија предвидени со закон.

Кога е потребно заради утврдување на идентитетот на лицата и предметите или во други случаи од интерес за успешно водење на постапката, правосудната полиција може: [13]

- да го фотографира осомничениот,

- да земе отпечаток од папиларните линии од прстите и дланките,

- да земе биолошки материјал за ДНК анализа,

- по претходно одобрение на јавниот обвинител да ја објави и неговата фотографија.

Правосудната полиција може од осомничениот да земе и примероци заради ДНК анализа: [14]

- ако е потребно да се утврди од кого потекнуваат трагите оставени врз определени предмети,

- полицијата може да земе отпечаток од папиларни линии од прстите и дланките, како и биолошки материјал за ДНК анализа од

[13] Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012 стр.55
[14] Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012 стр.55

лица за кои постои веројатност дека можеле да дојдат во допир со тие предмети.

Фактите и околностите за чие утврдување за чие утврдување се преземаат овие дејствија мора да бидат од интерес за кривичната постапка. За предметите што се пронајдени и одземени се составува записник. Јавниот обвинител има право на постојана контрола и увид во преземените мерки и дејствија, а во некои случаи и тој самиот може да ги презема овие активности.

## Conclusion

During the pre-trial procedure, the police have a very important and powerful role. Under the provisions of the new Law on Criminal Procedure as well as the Law on Police, the police have the main role in preventing the commission of criminal acts and misdemeanors, detecting and apprehending their perpetrators, as well as undertaking other legal measures and activities for the purpose of prosecuting the perpetrators of those acts. New Law on Criminal Procedure also requires the police to provide all possible relevant evidence and information during the pre-trial procedure, and without the consent of the public prosecutor, the police can ex officio conduct their own police investigations.

At this stage of the procedure, the judicial police can independently undertake all those measures and actions that do not suffer delay and which would prevent the escape of the suspect. It may undertake all activities for fixing the evidence material that does not tolerate delay and which may be contaminated or disappeared after a short flow of time.

Furthermore, the judicial police will take operational measures through field work in order to provide information that would be useful for the investigation. Also, the judicial police, after informing the public prosecutor, can further independently work and act in accordance with their legal competences, especially for procedures related to minor crimes that would result in the provision of sufficient evidence material that would finish by filing criminal charges with the public prosecutor.

**Рецензенти:**
**Проф. Ф-р Ќебир Авзиу**
**Проф. Д-р Африм Османи**

**Користена литература**

- Damir ČAČKOVIĆ; ULOGA SLUŽBENIKA POLICIJE U HRVATSKOM KRIVIČNOM POSTUPKU; Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije**;** Godište X, Broj 1-2, 2010

- Dragan Novosel, mr. sc. Darko Dundovic; Surandnja drzavnog odvetnika I policije u predistraznom postupku; Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol.13-broj 2/2006

- Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука; Прирачник за Законот за кривична постапка; Скопје, Јануари 2012

- Република Македонија. Академија за судии и јавни обвинители; Модул:1, Предистражна постапка-Прирачник за обучувачи; Скопје 2012

- Tomašević Goran, Krapac Davor, Gluščić Stjepan, Kazneno procesno pravo, Narodne novine, Zagreb, 2005

- Ž. Karas: Dokazni položaj općih izvidnih radnji redarstvenih vlasti, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 13, broj 1/2006

- http://polis.osce.org/